Член 1 Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во основните училишта согласно програмските целини во наставната година: полугодие, други форми на воспитно образовната дејност и ученички одмор за учебната 2025/2026 година.

Член 2 Учебната година во основните училишта започнува на 1 септември 2025 година, а завршува на 31 август 2026 година. Наставната година започнува на 1 септември 2025 година и завршува на 10 јуни 2026 година.

Член 3 Наставната година ја сочинуваат две полугодија - I и II полугодие. Првото полугодие започнува на 1 септември 2025 година и завршува на 30 декември 2025 година. Второто полугодие започнува на 20 јануари 2026 година и завршува на 10 јуни 2026 година.

Член 4 Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор. Зимскиот одмор започнува на 31 декември 2025 година и завршува на 19 јануари 2026 година. За време на зимскиот одмор вработените во училиштето од 2 јануари 2026 година до 10 јануари 2026 година користат платени работни денови. Летниот одмор започнува на 11 јуни 2026 година и завршува на 31 август 2026 година.

Член 5 Основните училишта од 11 јуни до 19 јуни 2026 година организираат дополнителна настава, поправни испити и одделенски испити, а од 17 август до 21 август 2026 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош на учениците кои треба да полагаат поправни испити и одделенски испити и ги спроведуваат истите.

Член 6 Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на целата работна недела.

Член 7 Во учебната 2025/2026 година наставата се остварува во 180 наставни денови. Службен весник на РСМ, бр. 142 од 15.7.2025 година 2 од 2

Член 8 На денот на училиштето се организираат културни, спортски и други манифестации. Традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик се одбележува со културни и други манифестации. Денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, се наставни денови кога се изведуваат посебни програми за манифестациите од ставовите 1 и 2 на овој член.

Член 9 Работните денови кога се изведуваат ученичките екскурзии, денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, се наставни денови кога се изведуваат посебни програми. За учениците кои не ги посетуваат ученичките екскурзии, училиштето организира редовна настава согласно распоредот на наставни часови.

Член 10 Со денот на отпочнувањето на примената на овој календар, престанува да важи Календарот за организација на работата на основните училишта во учебната 2024/2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 164/24 и 180/24). Член 11 Овој календар влегува во сила наредниот ден од денот на

објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 септември 2025 година.

8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

**Распределение на часови за учебната 2025/2026 година**

| Бр. | Име и презиме | Настава | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 1. | Сашка Петковска | I одделение<br>с. Кукуречани | |
| 2. | Даниела Цветковска<br>Одд.наставник | II одделение<br>с. Кукуречани | |
| 3. | Татјана Марковска<br>Одд.наставник | III одделение<br>с. Кукуречани | |
| 4 | Царева Стојановска<br>Одд.наставник | IV одделение<br>с. Кукуречани | |
| 5 | Оливера Вељковиќ<br>Одд.наставник | V одделение<br>с. Кукуречани | |
| 6 | Александра Крстевска-Стефановски<br>Одд.наставник | III, IV и V одделение<br>с.Лисолај | |
| 7 | Маја Атанасовска<br>Одд.наставник | I,II одделение<br>с. Крклино | |
| 8 | Миме Тасеска Китановска<br>Одд.наставник | I,II, III,IV одделение<br>с. Драгожани | |
| 9 | Марина Јанковска<br>Одд.наставник | I,II, III одделение<br>с. Црнобуки | |
| 10 | Јасмина Коруновска<br>Одд.наставник | I, II одделение<br>с. Лопатица | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11 | Магделина Стоилковиќ<br>Одд.наставник | IV одделение<br>с. Лопатица | |
| 12 | Весна Пупучовска<br>Одд.наставник | II, IV одделение<br>с. Крклино | |
| 13 | Христина Брдаровска<br>Одд.наставник | ,IV,V одделение<br>с.Црнобуки | |
| 14 | Јулијана Павлоска<br>Наставник по<br>македонски јазик | 6а(4часа)- Класен раководител<br>6б(4часа)<br>8а(4часа)<br>Библиотека(8часа)<br>Одделенски(1 час) | 20+1 |
| 15 | Марина Вељановска<br>Наставник по<br>македонски јазик | 8а(4часа)<br>8б(4часа)<br>9б(4часа)<br>6а(4часа)<br>6б(4часа)- класен раководител<br>Одделенски(1 час) | 20+1 |
| 16 | Бранка Лазаревска<br>Наставник по<br>Математика | 7 а(4часа)<br>8а(4часа)<br>8б (4часа)<br>9 а(4 часа)<br>9 б(4часа) | 21 |
| 17 | Катица Китановска<br>Наставник по<br>математика и физика | 6а(5часа)<br>6б(5часа)<br>7б(4часа)мат | 14 |
| 18 | Соња Антуновиќ | 6а(3часа) | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Наставник по<br>англиски јазик | 6б(3часа)<br>7а(3 часа)<br>7б ( 3часа)<br>8б  (3часа)<br>9а(3часа)<br>9б (3часа)<br>Одделенски(1 час) | 21+1 |
| 19 | Александар Петровски<br>Наставник по<br>англиски јазик | 8а(3часа)-класен раководител<br>I (2часа)<br>II(2часа)<br>III (2часа)<br>IV(3часа)<br>V(3часа)<br>III Драгожани(2 часа)<br>V Драгожани (3 часа)<br>Одделенски(1 час) | 20 |
| 20 | Оливера Генчева<br>Наставник по<br>англиски јазик | I Црнобуки(2часа)<br>II  Црнобуки(2часа)<br>III  Црнобуки(2часа)<br>IV  Црнобуки(3часа)<br>V Црнобуки(3часа)<br>I Крклино(2часа)<br>II Крклино(2часа)<br>IV Крклино(3часа)<br>V Крклино(3часа) | 22 |
| 21 | Марија Илкановска<br>Наставник по<br>англиски јазик | I Драгожани(2часа)<br>II и III Драгожани(2часа)<br>II Крклино (2 часа)<br>II Лопатица (2часа) | 21 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | III Лопатица (2часа)<br>V Лопатица (3часа)<br>III Лисолај(2часа)<br>IV Лисолај(3часа)<br>V Лисолај (3часа) | |
| 22 | Весна Алексоска<br>Наставник по<br>француски јазик и<br>иновации | 6а(2часа)<br>6б(2часа)<br>9а(2часа+1)фран+инов<br>9б(2часа+1)фран+инов<br>Библиотека 10 | 20 |
| 23 | Костадин Петровски<br>Наставник по француски јазик и етика | 7а(2часа)<br>7б(2часа) – класен раководител<br>8а(2часа)<br>8б(2часа)<br>7а (1 час)-етика<br>7 б(1 час)-етика<br>Библиотека 10 | 20 |
| 24 | Николче Николов<br>Наставник по ликовно образование и проекти од ликовната уметност | 6а(1час)лик<br>6б(1час)лик<br>7а(1час)лик+1 проекти од лик.уметн<br>7б(1час лик) +1 проекти од лик.уметн<br>8а(1час) лик<br>8б(1час) лик<br>9а(1час) лик<br>9б(1час) лиk | 10 |
| 25 | Ристо Крстевски<br>Наставник по музичко | 6а(1час) | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | образование | 6б(1час)<br>7а(1час)<br>7б(1час)<br>8а(1час)<br>8б(1час)<br>9а(1час)<br>9б(1час)<br>Хор(3часа)<br>Оркестар(3 часа) | 14 |
| 26 | Ирина Павловска<br>Наставник по биологија и хемија | 7а(2часа)био<br>7б(2часа)био<br>8а(2+2часа)био+хем<br>8б(2+2часа) био+хем<br>9а(2+2часа) био+хем-класен раководител<br>9б(2+2часа) био+хем<br>Одделенски(1 час) | 20+1 |
| 27 | Дана С. Гроздановска<br>Наставник по природни науки | V – 2 часа (централно) | 2 |
| 28 | Марија Зацеска<br>Наставник по природни науки | V Крклино (2часа)<br>6 а (3часа)<br>6 б (3 часа)<br>7а (1час)<br>7б (1час) | 10 |
| 29 | Катерина Бојаџиева<br>Наставник по техничко образование | V Крклино (2часа)<br>V Црнобуки (2часа)<br>V Лисолај (2часа)<br>V Лопатица (2часа) | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | V Кукуречани (2часа)<br>8а(2часа) тех -изб<br>8б(2часа) тех- изб<br>6часа изборни предмети во V одд | 20 |
| 30 | Снежана Крстевска<br>Наставник по информатика и проекти од информатика | 6а(2часа)инф<br>6б(2часа) инф<br>7а(1час) инф<br>7б(1час) инф<br>9а(2часа)проекти од инф<br>9б(2часа) проекти од инф | 10 |
| 31 | Горан Николовски<br>Наставник по географија | 6а(1часа)<br>6б(1часа)<br>7а(2часа +1 вештини за живеење)<br>7б(2часа)+1 час вештини за живеење<br>8а(2часа)<br>8б(2часа)<br>9а(2часа)<br>9б(2часа)<br>Емис (3 часа) | 21 |
| 32 | Драган Димов<br>Наставник по историја и граѓанско образование | 6а(2часа)ист<br>6б(2часа) ист<br>7а(2часа) ист<br>7б(2часа) ист-класен раководител<br>8а(2+1часа) ист+граѓ<br>8б(2+1часа) ист+граѓ<br>9а(2+1часа) ист+граѓ | 20+1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 9б(2+1часа) ист+граѓ<br>Одделенски(1 час) | |
| 33 | Христина Ристовска<br>Наставник по физичко образование | 6а(3часа)<br>6а(3часа)<br>8б(3часа)<br>9а(3часа)<br>9б(3часа) | 15 |
| 34 | Александар Наумовски<br>Наставник по физичко образование | 7а(3часа)<br>7б(3часа)<br>8б(3часа)-клас<br>I Централно(3часа)<br>II Централно(3часа)<br>III Централно(3часа)<br>IV Централно(3часа)<br>V Централно(3часа | 24 |
| 35 | Ивана Деловска<br>Наставник по етика на религии | 6а(2часа)<br>6б(2часа) | 4 |
| 36 | Николина Главевска | Подрачни училишта | 18 часа |
| 37 | Вера Сретенова-Симјановска<br>Наставник по физика | 7а- 1 час<br>7б- 1 час<br>8а- 2 часа<br>8б – 2 часа<br>9а- 2 часа<br>9б – 2часа<br>Природни науки:<br>V Лисолај (2часа)<br>V Црнобуки (2часа)<br>V Лопатица (2часа)<br>V Драгожани (2часа) | 10 часа физика<br>8 часа природни науки |

## 8.3. Работа во смени

Училиштето работи во една смена. Часовите започнуваат во $7^{45}$ часот и завршуваат во $13^{5}$ часот.

## 8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата

| | **Македонски јазик** | **Албански јазик** | **Турски јазик** | **Српски јазик** | **Босански јазик** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 21 | | | | |
| **Број на ученици** | 143 | | | | |
| **Број на наставници** | 34 | | | | |

## 8.5. Проширена програма

За реализација на проширената програма за прифаќање на учениците од I до III одделение еден час пред започнувањето на наставата и еден час по завршувањето на наставата, вклучени се 3 наставници: 1. Даниела Цветковска 2. Татјана Марковска и 3. Царева Стојановска. Со програмата опфатени се 29 ученик.

### а. Комбинирани паралелки

| **Подрачно училиште** | **Комбинација** | **Број на ученици** |
|---|---|---|
| с. Крклино | I-V<br>III-IV | 7<br>10 |
| с. Црнобуки | II-IV<br>I-III | 4<br>3 |
| с. Драгожани | I-II-III-V | 4 |
| с. Лопатица | I-II-IV | 6 |
| с. Лисолај | II-III-IV-V | 8 |

b. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

И оваа учебна година англискиот јазик во I и II одделение ќе се изучува како задолжителен наставен предмет со 2 часа неделно, а во III до IX со 3 часа неделно, со вкупно 143 ученици.

Вториот европски јазик (француски) ќе се изучува во VI, VII, VIII и IX одд. со 2 часа неделно., со вкупно 68 ученици.

c. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Со учениците во прво, второ и трето одделение тандем настава ќе изведува предметен наставник Александар Наумовски и Николина Главевска , со одделенските наставници.

d. Изборна настава

Во месец мај училиштето изврши анкетирање на учениците за утврдување на нивната определба за изборните предмети, кои ќе ги изучуваат наредната учебна година, а пред родителите на учениците од VI до IX одделение, училиштето организира презентација на изборни предмети предвидени според Наставниот план и програма за основното училиште кои ќе се изведуваат оваа учебна година. Родителите и нивните ученици ги избраа следниве изборни предмети: етика во религиите во VI одделение со 2 часа неделно (наставник: Ивана Деловска), вештини за живеење во VII[а] одделение (наставник: Горан Николовски), проекти од ликовната уметност во VII[б] одделение (наставник: Никола Николов) со по 2 часа неделно, изборниот предмет техничко образование во VIII одделение со 2 часа неделно (наставник Катерина Бојаџиева) и проекти од информатика во IX одделение со 2 часа неделно (наставник: Снежана Крстевска).

## 8.10. Дополнителна настава

Дополнителната настава ќе се организира според укажаните потреби за учениците кои имаат повремени тешкотии во учењето, побавно напредуваат и заостануваат по одделни наставни предмети или од оправдани причини подолго време отсуствувале од редовната настава. Оваа настава ќе се изведува во текот на наставната година со еден час неделно за учениците од II до IX одделение.

Заостанувањето и тешкотиите во наставата може да се последица од повеќе причини и да се појавуваат во различни форми и во различни временски периоди. Затоа, соодветна помош во вид на дополнителна настава може да му биде потребна на секој ученик. Поради тоа за успешно организирање на дополнителната настава неопходно е целосно и континуирано следење и вреднување на успехот и напредокот на секој ученик, како и постојана контрола на неговите развојни особености и потреби, постигања и заостанувања, предности и слабости и др. За дополнителна настава, образовните групи ќе се формираат во различни периоди, во зависност од времето кога се појавуваат одредени слабости кај одделни ученици. Оваа настава, ќе се организира во текот на целата наставна година, паралелно со редовната настава, после часови, во слободно време и во вид на продолжителна настава на крајот од наставната година.

Стручната служба активно учествува во следење на дополнителната настава со цел да се детектираат причините за послабиот успех кај секој ученик поединачно, од што произлегуваат најсоодветни постапки за корекција на истиот.

Содржините за оваа настава се специфични за секој ученик и затоа ќе се применува пред се индивидуална форма на работа, како и групната форма, а ќе се користи и фронтална работа со учениците од секоја од групите. За таа цел ќе биде изработен распоред за дополнителна настава кој по донесувањето станува составен дел на оваа годишна програма.

## 8.11. Додатна настава

Додатна настава ќе се реализира со учениците кои постигнуваат посебни резултати за определени научни и наставни дисциплини и напредуваат во рамките на задолжителната настава. Нејзина основна цел е да обезбеди систематска работа со надарени и талентирани ученици во текот на целата година, нивно креативно ангажирање, унапредување на способностите, потесна професионална ориентација, учество на натпревари итн. На почетокот на учебната година сите наставници ќе изработат и достават програми за одржување на додатна настава и ќе биде изработен и истакнат распоред за одржување на додатната настава за сите наставници, а на крајот од учебната година за секој одржан час наставниците треба да поднесат извештај до стручната служба. Оваа настава ќе се изведува во текот на целата учебна година со учениците од I до IX одделение. До 20-ти септември ќе биде изработен распоред за додатна настава кој по донесувањето станува составен дел на оваа Се наведуваат законските обврски околу додатната настава како и постапката и изборот од страна на учениците и се напоменува дека ќе биде изработен распоред за дополнителна настава кој по донесувањето станува составен дел на оваа годишна програма.

## 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Секој наставник изработува идивидуална програма за работа со надарени и талентирани ученици, со време на реализација од септември до мај во текот на една учебна година во која ќе бидат вклучени предметите за кои ученикот покажува талент, целите во учењето, употребата на стратегии и дидактички материјали. Како одговорни лица се јавуваат одделенските и предметните наставници во соработка со стручната служба. Секој наставник со употреба на разновидни начини и мерки за вреднување, со цел избирање на надарени деца на различна возраст и со различни способности треба да изработи диференцирани наставни планови кои видно се разликуваат од постојните базични планови кои се задолжителни за сите ученици. Тие содржат различни наставни предмети, различен број на часови и други активности кои се одредуваат во зависност од видот на надареноста и возраста на ученикот. Овие наставни планови и програми подразбираат повисоко научно-теоретско ниво на програмските содржини, специфичен и проширен обем на содржини, поголема длабочина на суштината и разновидност на програмските содржини и висока меѓупредметна корелативна поврзаност на програмските содржини. Наставникот преку овие наставни програми за надарени деца треба да е во улога на соработник; наставниот диференциран програмски курикулум да е флексибилен и прилагодлив за наставниците кон секој ученик или група на ученици.Преку практична реализација на диференцираните планови и програми како и преку практичната реализација на работните вежби наменети за понапредните ученици би се афирмирал поквалитетен педагошки третман за овие ученици како во рамките на редовната настава , така и преку додатната настава и слободните ученички активности.

## 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Секој наставник изработува идивидуална програма за деца со посебни образови потреби во која ќе бидат вклучени природата на проблемот со кој се соочува ученикот, целите во учењето, употребата на стратегии и дидактички материјали. Како одговорни лица се јавуваат одделенските и предметните наставници во соработка со стручната служба од училиштето. Ученикот со посебни потреби го вреднуваме според оваа програма, поединечно, усмено или писмено со прилагодување

на особеностите на ученикот и континуирано. Програмата треба да биде поттикнувачка и мотивирачка за учениците и да трпи промени во зависност од напредокот на ученикот.

### 8.14. Туторска поддршка на учениците

### 8.15. План на образовниот медијатор

## 9. Вонннаставни активности

### 9.1. Училиштни спортски клубови

Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб- Здружение- Училишен спортски клуб,, Александар Турунџев,, с. Кукуречани, со решение од Централен регистар број 30420018000 од 19.09.2018 г.

Одговорни наставници за реализација и евалуација на овие активности се наставниците по физичко и здравствено образование Александар Наумовски и Христина Ристевска.

### 9.2. Секции/Клубови

Низ слободните ученички активности се создаваат претпоставки за задоволување на индивидуалните интереси и способности на учениците, односно индивидуализација на воспитно-образовниот процес.

Планираме да бидат опфатени сите видови слободни ученички активности во поглед на нивната структура, при што ќе се води сметка да бидат во одреден процентуален сооднос. Исто така, ќе настојуваме учениците да земат активно учество во изготвувањето на програмата, како нејзини конкретни реализатори, како и за намалување на нивната ангажираност во многу секции.

Со реализација на програмата за слободни ученички активности очекуваме да ги оствариме следните воспитни ефекти:

- низ слободните ученички активности да се дефинира професионалното насочување на учениците;

- развивање на способности за истражување;

- развој на критичко мислење и креативните способности;

- формирање на навики за функционално користење на работното време;

- здобивање со практични знаења и заштита и унапредување на животната средина итн.

**СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ**

по структура, вид и опфат на учениците во учебната 2024/2025 год.

| Структура | Ред бр. | Вид на слободна активност | Одговорен наставник |
|---|---|---|---|
| Слободни активности за стекнување на | 1 | Литературна | Јулијана Павлоска |
| | 2 | Географска | Горан Николовски |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 3 | Историска | Драган Димов |
| | 5 | Англиска | Соња Антуновиќ |
| | 6 | Математичка | Катица Бошевска |
| | 7 | Био-еколошка | Ирина Павловска |
| Културно-уметнички активности | 8 | Драмско-рецитаторска | Марина Вељановска |
| | 9 | Ликовна | Никола Николов |
| Техничкиактивности | 10 | Сообраќајна | Катерина Бојаџиева |

### 9.3. Акции

Таа се реализира преку активностите од Програмата за општествено-хуманитарна работа

Очекувани ефекти би биле:

- развивање на позитивен однос кон трудот, почитување на туѓиот и сопствениот труд, соработка, чувство на одговорност;
- создавање на навики за одржување на хигиената во училиштето и непосредната околина;
- стекнување на знаења за заштита на зелените површини и објекти од непосредната околина

**ПРОГРАМА**

## за општествено-хуманитарна работа

| Ред. бр. | Активности | Време на реализација | Соработници и реализатори |
|---|---|---|---|
| 1 | Одржување на редот, дисциплината и хигиената на просториите | континуирано | одделенски раководители ученици |
| 2 | Естетско уредување на училниците и холот | континуирано | ученици наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3 | Естетско уредување на училишниот двор (парк) | континуирано | технички персонал |
| 4 | Собирна акција (собирање на храна) | октомври | ученици |
| 5 | Садење и одржување на цвеќиња | септември март,април,мај | ученици од био-еколошката секција |
| 6 | Еколошка акција | 21 март-Ден на екологијата | ученици наставници |
| 7 | Собирање и рециклирање на отпад | континуирано | ученици |

***-Активности за антикорупциска едукација***

Програмата за антикорупциска едукација за учениците има за цел да воспостави вредносен систем, кој ќе ја измени сегашната култура на прифаќање на корупцијата и ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување.

Заменувајќи ги лошите навики и пораки со добри, и истакнувајќи ги позитивните примери, ученикот ќе може да ја препознае корупцијата и да се заштити од оваа негативна општествена појава.

Мото: ***„Корупција - ја сечеш гранката на којашто седиш“***

**Цели:**

Ученикот/ученичката е потребно:

- да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност;

- да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок“;

- да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;

- да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата;

- да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството;

- да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Македонија и механизмите преку кои таа делува;

- да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може да се спречи истата;

- да се стави во ситуација, во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација и

- да се стави во улога на активен граѓанин, кој ќе придонесе за развојот на Република Македонија.

**ПРОГРАМА**

**за антикорупциска едукација**

| **Содржина** | **Цели** | **Активности** | **Реализатор** |
|---|---|---|---|
| Формирање на тим за антикорупциска едукација | Планирање на антикорупциски содржини | Наставнички совет | директор |
| Предзнаења за корупцијата и антикорупцијата | Дијагностицирање на предзнаењата на учениците | анкетирање на учениците | психолог |
| Статистичка обработка на резултатите добиени од анкетирањето | Запознавање на наставниците со резултатите добиени од анкетирањето на учениците | Информација на Наставнички совет | психолог |
| Корупција и видови корупција | Запознавање со поимот корупција и видови корупција: мито, владина корупција во судството, посредување, покровителство, непотизам и протекции, изборен фалсификат, проневера, полициска корупција | Power Point презентација | наставник по граѓанско образование<br><br>ученик од IX одд |
| Причини и последици од корупцијата | Да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, интегритет, социјален притисок, етичност;<br><br>да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;<br><br>да го сфатат штетното влијание | Работилница | наставник по граѓанско образование |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | на корупцијата во општеството | | |
| Стекнување на основни знаења за корупција и антикорупција | Да се запознаат со одредени поими и преку одредени активности да разберат за корупцијата и антикорупцијата;<br>Да ги препознаваат механизмите за спречување корупција;<br>Да ја сфатат улогата на Државната комисија за спречување на корупција и механизмите преку кои таа делува | Предавање и вежби<br>предавање | наставник по граѓанско образование<br>МВР |
| Активна борба против корупцијата | Да се запознаат што значи "одолевање на социјален притисок", можностите за заштита и превентивно делување кон корупциските активности | Работилница<br>предавање<br>Работилници од ОЖВ | наставник по граѓанско образование<br>одделенски раководители |
| Евалвативни активности | Да се утврдат знаењата на учениците за корупција и антикорупција | Квиз -натпревар | ученици од IX одд. |
| Евалвативни активности | Да се утврдат знаењата на учениците за корупција и антикорупција | Литературни и ликовни конкурси | наставници |
| Презентација на активностите за антикорупциска едукација | Презентација на антикорупциските активности пред родителите | Приредба по повод Денот на училиштето | ученици |

## 10. Ученичко организирање и учество

За организирано остварување на интересите на учениците во училиштето, учениците се организираат во ученичка заедница на паралелката и Ученички парламент. *Ученичката заедница* е значаен сегмент н во организацијата на животот животот и работата на училиштето. Таа се организира во сите паралелки од I до IX одд. Сите ученици во училиштето ја сочинуваат *училишната заедница*..

Ученичката заедница се формира со цел:

- постигнување на подобри резултати во учењето;

- соработка со наставниците ( особено со одделенскиот раководител);

- навремено и правилно решавање на проблемите во одделението и училиштето;

- одржување на редот и дисциплината во училиштето, чување на училишниот инвентар и борба против негативните постапки на учениците и надвор од него;

- активности поврзани со естетскиот изглед на училнициите;

- помош на учениците кои заостануваат во учењето;

- помош на учениците кои западнале во тешкотии поради несреќен случај, болест, несредени семејни односи, природни непогоди и сл.;

- дежурства во училиштето и надвор од него како превентивна мерка за заштита на човековата средина;

-примерно поведение за време на излети и екскурзии во природа.

*Ученичкиот парламент* го сочинуваат претседателите на ученичките заедници. Ученичкиот парламент активно учествува во

промовирање на правата на учениците (учество во Советот на родители, Наставничкиот совет, во подготовка на Годишната програма

за работа на училиштето, во евалуацијата на работата на училиштето, дава предлози за програмата за екскурзии, за воннаставните

активности, организација на еколошки, хуманитарни активности и општествено-корисна работа и сл.).

*Ученичкиот правобранител* се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштет

Програма за работа на

**Ученичкиот парламент**

| *Време на реализација* | ***Активности*** |
|---|---|
| Септември | Куќен ред во училиштето |
| | Избор на Ученички парламент |
| | 22 септември-меѓународен ден без автомобили |
| Октомври | Кодекс на однесување за ученици |
| | Мировна азбука на повеќе јазици |
| Ноември | Како да се учи- методи и техники за успешно учење |
| | Идентификување проблеми и зајакнување на иницијативноста за превземање акции за позитивна промена |

| | |
|---|---|
| | Учество на Совет на родители и Наставнички совет |
| | Превенција на насилното однесување |
| | Дисциплината како фактор за подобри резултати во учењето |
| | Едукативни работилници на тема Булинг – врсничко насилство |
| Јануари | Како да го организираме слободното време |
| Февруари | Односот на момчињата кон девојчињата |
| | Едукативни работилници на тема: Самодоверба |
| Март | Цвеќе за нашите мајки и наставнички |
| | Учество на Наставнички совет |
| Април | Организирање на меѓуучилишни натпревари |
| | Организирање на хуманитарна акција |
| | Едукативна работилница на тема: Велигден - најголемиот христијански празник |
| Мај | Подготовка за патрониот празник на училиштето |
| | Нашите први просветители Кирил и Методиј -едукативна работилница |
| Јуни | Разгледување на успехот и поведението на крајот од учебната година |
| | Организирање на еднодневен излет |
| | Упатство за користење на летниот распуст |

## Акционен план

### Поттикнување на демократска клима во училиштето

*Општа цел:* Учениците демократски да учествуваат во училишниот живот

| Цели | Активности | Ресурси | Носители на активноста | Очекувани резултати | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| Запознавање на учениците со улогата, целите и задачите на Ученичкиот парламет | Предавање за Ученички парламент | компјутер, видео проектор | координатор на Ученичкиот парламент членови на УП | демократско учество на учениците во училиштео, прифаќање на целите, задачите и одговорностите на УП | септември |
| Спроведување на демократски избори | Избор на претседател на Ученички парламент | гласачки ливчиња, гласачка кутија | | | |
| Уредување на училишниот двор, развивање на еколошка свест кај учениците и сите | Уреден и чист двор | училишен двор средства за чистење и уредување на дворот | одделенски наставници ученици вработени во училиштето | Учениците се грижат за дворот и го одржуваат чист | септември-јуни |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| вработени во училиштето | | | | | |
| Развивање на самодоверба и позитивна слика за себе | Едукативен училишен двор | материјали за боење и цртање на едукативни игри во училишниот двор | одделенски наставници ученици вработени во училиштето | Преку игри ги усвојуваат броевите и буквите (во зависност од одбраната активност) | септември-јуни |
| Учење за слободно изразување на своето мислење и почитување на туѓото мислење | Забавна училница | училница телевизор интернет мебел играчки блокови и боици сликовници енциклопедии бела табла смарт табла | одделенски наставници ученици вработени во училиштето | Ја користат забавната училница за исполнување на своите интереси и соработуваат со другите ученици | септември-јуни |
| Учење како се преземаат акции и како се внесуваат промени | Куклен театар | опрема за куклен театар ткаенини, волница прибор за шиење | одделенски наставници ученици вработени во училиштето | Развиваат заедничко учество во културно-забавни активности и ги изразуваат своите склоности | септември-јуни |
| Учење како да се грижат за себе и за другите | Ги сакам цвеќињата | саксии разни видови на цвеќиња хумус прибор за работа | одделенски наставници ученици вработени во училиштето | Развиваат љубов кон природата и развиваат чувство на одговорност | септември-јуни |
| Да се запознава со своите права и обрските кои произлегуваат од нив | Работилница: Моите права и моите обврски | Прирачник МИО | одделенски наставници ученици вработени во училиштето | Учат за своите права и нивните обрвски | септември |
| Запознавање со Конвенцијата за правата на детето, проширување на знаењата за правата на детето | Работилница: Запознавање со Конвенцијата за правата на детето | Конвенцијата за правата на детето Водич за ученичко организирање и заштита на детските права во училиштето | наставник по граѓанско образование Ученички правобранител членови на ученичкиот парламент | Примена на знаењата за правата на детето во секојдневниот живот | септември |
| Идентификување проблеми и зајакнување на иницијативноста | Работилница: Превземање акција во училиштето | Работни листови Водич за ученичко | одделенски раководители ученици | Стекнуваат одговорност за состојбите и условите во | октомври |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| за превземање акции за позитивна промена | | организирање и заштита на детските права во училиштето | | училиштето и превземаат акции за промена | |
| Ученичка иницијатива Целосно запознавање на поимите и нивната потреба:Мир, Војна, Љубов, Грижа, Хуманост и др.За подобрување и проширување на знаењата на учениците | Работилници: Изработка на брошура МИРОВНА АЗБУКА | Меѓународни прирачници Интернет енциклопедија граѓански здруженија организации и др | наставник по граѓанско образование Ученички правобранител ученички параламент | Стекнување на учениците со нови знаења и користење на брошурата за потребите на часови по граѓанско образование | септемви-октомври |
| Превенција на насилното однесување | Работилница: Разрешување на конфликти | Прирачници стручни материјали, флаери Power Point презентација | наставник по граѓанско образование | Справување со насилството | ноември |
| Зачувување и одржување на училишниот инвентар, развивање на чувство на одговорност за постапките | Работилница: Куќен ред во училиштето | училница Куќен ред во училиштето | Директор Училишен одбор одделенски раководители ученици Ученички парламент | Секоја штета направена од учениците да биде надоместена од нив, со цел да се развие чувството на одговорност за своите постапки, како и чувството за грижа кон своите и туѓите работи | септември - јуни |
| Подигнување на свеста на учениците за врсничкото насилство – Булинг, превенција на булинг, развивање на вистински морални вредности | Работилница: БУЛИНГ | Прирачници стручна литература од психологија Интернет | Надворешен стручен соработник - психолог ученички парламент ученици наставници | Да се направи тим КОНТРА БУЛИНГ и преку целата учебна година учениците да развиваат вредности за генерации на вистински пријатели | септември - јуни |

***Училишен тим за демократска клима:***

1.Никола Јовески- директор

2.Марина Бошевска-психолог

3.Костадин Петровски –библиотекар

4.Драган Димов- наставник по граѓанско образование

5.Сашка Петковска – одделенски наставник

## 11. Вонучилишни активности

### 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Комисијата за екскурзии : Даниела Цветковска,Оливера Вељковиќ и Јулијана Павлоска изготви

***План за организација и реализација на ученички екскурзии***

| Ред. Бр. | Место на посета | Објект,организ ац.институција | Вид на екскурзија | Цел на екскурзијата | Време на изведба |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Охрид | Стари град, Античкитеатар, Плаошник, Самоилова тврдина | комбинирана | Запознавање со природните убавини на Р. Македонија | IX |
| 2. | Маврово | Национален парк | комбинирана | Запознавање со природните убавини, флора, фауна, клима, хидрографија | VI |
| 3 | Скопје | Планетариум | наставна (со V одд.) | Запознавање со планетите, сосвездија | X |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Скопје | Природно - научен музеј | наставна ( со VIII одд.) | Запознавање со фосилите и со останатите експонати во музејот. | V |

Освенученичките екскурзии,планираме и посета на Хераклеа (Линкестис)-музејот и собата на Кемал Ататурк со учениците од  V - IX одделение, со цел запознавање со материјалните остатоци(извори) од античка Македонија.Планираме и посета на метеоролошка станица во Битола, автобуска и железничка станица, живинарска фарма, музеи, верски објекти и др.

Исто така планираме и неколку излети:

-излет до манастирот во с. Слепче;

-излет во с. Ротино

-излет до манастирот во с. Крстоар

- излет до манастирот Св. Богородица во с. Новаци;

- - излет во манастирот св. Петка во с. Драгожани

- излет до манастирот св. Атанас во с. Црнобуки

-излет на Голема ливада – Пелистер

- излет до библиотеката во с. Бабино

Планирани се посети и на:

1. Посета на пекара, млекара...со ученици од 7 одд (октомври/ноември)
2. Посета на микробиолошка лабораторија со ученици од 7 одд (ноември/декември)
3. Посета на Природно-научен музеј со ученици од 8 одд (мај/јуни)
4. Ботаничка градина при ПМФ - Скопје
5. ЈНУ Хидробиолошки завод, Охрид
6. Едукативен центар за зачувување на природата - Негрево
7. Национален парк Галичица

По враќањето од екскурзија,се поднесува писмен извештај до Наставничкиот совет кој ќе биде составен дел на Годишниот извештај за работа на училиштето.

11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

## 12. Натпревари за учениците

Ученичките натпревари се форма на активност преку која се презентираат постигнатите резултати на учениците во наставата и другите подрачја на воспитно- обрзовната дејност. Тие се организираат низ следните форми:

- натпревари во рамките на паралелката

- одделенски натпревари

- училишни натпревари

- меѓуучилишни натпревари

- натпревари на ниво на општина

- државни натпревари (доколку некои од учениците се пласираат на тоа ниво).

Со реализација на оваа форма ги очекуваме следните воспитни ефекти:

- развивање на натпреварувачки дух кај учениците;

- зближување на учениците од разни средини;

- да се изврши правилен избор на талентирани ученици

Организатори на натпреварите ќе бидат стручните активи. Натпреварите ќе се организираат по следните наставни предмети

**Општински натпревари**

| Реден број | Наставен предмет | Одговорен наставник | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1. | биологија | Ирина Павловска | IV |
| 2. | природни науки | Марија Зацеска | IV |
| 3. | математика | Катица Бошевска | IV |

**Регионални натпревари**

| Реден број | Наставен предмет | Одговорен наставник | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик | Павловска Јулијана<br>Вељановска Марина | IV |
| 2. | Историја | Драган Димов | IV |
| 3. | Географија | Николовски Горан | IV |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | Математика | Катица Бошевска | IV |
| 5. | Биологија | Ирина Павловска | IV |
| 6. | Хемија | Ирина Павловска | IV |
| 7. | Природни науки | Марија Зацеска | IV |
| 8. | „Детски семафор“ | Катерина Бојаџиева | IV |

Учениците ќе земат учество и на Меѓународниот натпревар по математика: „Кенгур“ на 21.03.2025 год.

Доколку постигнат видни резултати на регионалните натпревари, учениците ќе учествуваат и на некој од државните натпревари.

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Важна компонента во воспитно-образовниот процес и во целокупниот развој на индивидуата е соживот на сите етнички групи во заедницата. Покрај многубројните наслови на оваа тема во учебниците на учениците, ќе се реализираат и разновидни активности во училиштето. Со цел да се запази мултикултурализмот се планира да се организираат многубројни МИО-активности во училиштето и надвор од него, во соработка со локалната заедница и со други училишта кои исто така ја негуваат оваа компонента. Во нашето училиште ќе се реализираат разни видови приредби, панаѓури, екскурзии, претстави, маскенбали и манифестации.. Целта на истите е учениците преку забава и креативност да осознаат нови обичаи и култури на свои соученици од различни етнички групи. Во прилог се доставува Акционен план во склоп на оваа компонента за мултикултурализмот.

Врз основа на претходно изготвена Самоевалуација на училиштето за МИО, планираме промени за подобрување на меѓуетничката интеграција во образованието преку следните конкретни **МИО активности** за сите 4 категории:

***1.Активности на/со учениците*** (Во нашето училиште ќе се спроведуваат проекти во кои ќе учествуваат ученици од нашето училиште со други ученици со различна етничка припадност од друго училиште);

***2.Активности на наставниците*** (Наставниците од нашето училиште ќе спроведуваат активности во јазично/етнички мешани групи ученици од друго училиште на начин на кој ги поттикнува учениците од различните етнички/јазични заедници на вистинска соработка);

***3.Атмосфера и опкружување*** (Во сликовниот и пишаниот материјал што е изложен во холот и во другите заеднички простории во нашето училиште ќе бидат присутни елементи кои се однесуваат на различни етнички заедници и на тој начин го отсликуваат мултикултурниот/мултиетничкиот карактер на Р.Македонија);

***4.Соработка со родителите и општината*** (Нашето училиште ќе обезбеди заедничка работа на проекти со ученици од друго училиште(во општината или вон неа) во кои се значително застапени ученици од други етнички заедници).

Акционен план

за МИО-активности

-Дебата на тема: „Сите сме исти, сите сме различни“

-Заедничка активност од МИМО : ,, Девијантни појави во општеството“ –квиз

- Заедничка МИО-активност со партнер-училиште: Ревидирање на Кодексот на однесување за ученици со внесување на МИО-вредности (на македонски и албански јазик)

- Изработка на флаер: „Другаруваме, патуваме...“

- Мултикултурни  работилници од програмата: Образование за животни вештини

- Иницијатива за собирање на хуманитарна помош за социјално-загрозени семејства од различен етнички состав

- Организирање на панаѓури за обновување на библиотечниот фонд

Членови на Тимот за Училишна интеграција: 1.Соња Антуновиќ- координатор 2. Марина Бошевска-психолог 3. Даниела Цветкоска 4. Надица Петковска 5. Татјана Марковска (одделенски наставници) 6. Анета Масалковска-родител 7. Весна Масалковска-родител

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

1. Проект за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО) –УСАИД
2. „Пинг понг во руралните средини“( Проект од „ЕРАЗМУС+)

## 15. Поддршка на учениците

### 15.1. Постигнување на учениците

Училиштето ги подобрува постигањата на учениците, пред се со примена на диференциран приод (задачите со тежински нивоа, наставни ливчиња, тестови на знаења, контролни задачи и сл ). На тој начин учениците со различни способности ( и оние слабите и надарените ученици) имаат можност да напредуваат со сопствено темпо на учење. Постигањата на учениците се подобруваат и преку нивното учество во разни истражувачки проекти, користење повеќе извори на знаења, преку примена на нови техники на учење, поактивни модели и форми на работа, како и преку вклученост на учениците во вонnаставни активности.

И оваа  учебна година учениците зедоа учество на ученичките натпревари.

На регионалниот натпревар по природни науки, спроведен онлајн, во организација на Македонско биолошко друштво, ученичката Ана Гешовска од  VI одд. освои III награда.

Исто така, учениците зедоа учество на општинскиот натпревар: Есенски крос.
Учениците Наталија Бочварова од VI одделение и ученикот Александар Кочишки од IX одделение се закитија со медал и диплома за освоено трето место во ноќната трка што се организира по повод Денот на ослободувањето на Битола, во организација на Сојузот на спортови од Битола и општина Битола.

На државниот натпревар во спортска гимнастика, во организација на КГС Партизан – Битола ученичката Анастасија Бејкоска од VI одделение го освои третото место и се закити со бронзен медал во категоријата постари пионерки.

15.2. Професионална ориентација на учениците

**ПРОГРАМА**

за ***професионална ориентација***

за учебната 2025/2026 год.

| | **Содржини и активности** | **Носители** | **Време на реализац.** |
|---|---|---|---|
| 1. | Изготвување на Програма за работа на тимот | училишен тим | август |
| 2. | Запознавање на наставниот кадар со Програмата за работа на тимот | училишен тим | септември |
| 3. | Индивидуални разговори со одделенските раководители за реализација на Програмата | педагог<br>одд.раковод. | октомври |
| 4. | Професионално воспитување и информирање преку наставните содржини од одредени наставни предмети | наставници | континуирано |
| 5. | Запознавање на учениците со одредени професии во одделенска настава<br>- Игри на професионални улоги | одделенски наставници | континуирано |
| 6. | Советодавна работа со родители | педагог | континуирано |
| 7. | Советодавна работа со ученици | педагог | континуирано |
| 8. | Идентификација на надарени ученици | педагог-наставници | континуирано |
| 9. | Говорна вежба на тема: "Сакам да бидам" | одд. настав. | март |
| 10 | Психолошко испитување на учениците од IX одд. од страна на Центарот за вработување - Битола | Центар за вработување<br>Битола | март |
| 11 | Писмена работа на тема: "Мојата идна професија" | наставници<br>по македонски ј. | април |
| 12 | Разговори со родителите на родителски состаноци на | одделенски | април |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | тема: "Односот на родителите кон изборот на занимање" | раководители | |
| 13 | Професионално информирање- запознавање со конкурсот за упис во средните училишта | педагог | април |
| 14 | Спроведување анкета за испитување на желбите и интересите на учениците од IX одд. за продолжување на образованието | педагог | април |
| 15 | Акциско истражување за проф. ориентација | педагог | април |
| 16 | Поединечно советување на секој ученик од IX одд. за натамошен избор на занимање | Центар за вработување | мај |
| 17 | Изложба на тема: "Сакам да бидам" (ликовни, литературни творби за награден конкурс) | наставници | мај |
| 18 | Ранг-листа на интересите на учениците за упис во средно училиште (до медиумите) | секција на педагози | мај |
| 19. | Разговори на одделенски час за правилен избор на занимање | одд.раководители | мај |
| 20 | Посета на саем на средните училишта | одд.раководители | мај |

Училишен тим:

1. Марина Бошевска
2. Александар Петровски
3. Никола Николов

15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

**Програма за превенција на насилното однесување**

| **Задачи** | **Активности** | **Носители** | **Ресурси** | **Очекувани резултати** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|---|---|
| Да се воспостават механизми за решавање на проблемите со насилството | Изготвување Училишна политика за ненасилство | тим | стручна литература | намалување на насилното однесување во училиштето | IX |
| Идентификација на сите форми на насилство, фрекфенција на појавите на насилно | Акциско истражување | педагог | Прашалници за ученици, наставници и родители | согледување на причините кои го иницираат насилното однесување | II |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| однеснесување | | | | | |
| Интерна обука на наставници, родители и ученици | Работилница за насилно однесување со наставници, родители и ученици | педагог | видео-презентација<br>стручна литература | поголема информираност за насилството<br>намалување на насилното однесување во училиштето | III |
| Ревидирање на Кодексот на однесување | Кодекс за ненасилно однесување на учениците | педагог<br>ученици | Кодекс на однесување | прифаќање на правилата на однесување | IV |
| Учениците да се обучат за препознавање на насилството и техники за мирољубиво решавање на конфликти | Работилница за разрешување на конфликти<br>Едукативен филм | наставник по етика во религиите<br>педагог<br>наставник по историја | мотивациски постери<br>Филм за вербално насилство<br>напишани проблеми<br>видеобим | практична примена на некоја техника за решавање конфликти | IV |
| Едукација на учениците за ненасилно однесување | Работилници за Образование за животни вештини | одделенски раководители | Прирачници за Образование за животни вештини | почитување на правилата на однесување | континуирано |
| Советување на учениците за просоцијално однесување | Советодавна работа со ученици-жртви на насилство и ученици кои манифестираат насилно однесување | стручна служба<br>одделенски раководители<br>наставници | Дневник за работа на педагогот<br>Записници од Одделенски и Наставнички совети | повторно воспоставување на односите | континуирано |
| Советување на родители | Советодавна работа со родители на ученици-жртви на насилство и ученици кои манифестираат насилно | стручна служба<br>одделенски раководители<br>наставници | Дневник за работа на педагогот<br>Записници од Одделенски и Наставнички совети | повторно воспоставување на односите | континуирано |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | однесување | | | | |
| Упатување на учениците на релевантни установи и поднесување писмени пријави до надлежните служби | Соработка со релевантни установи: Центар за социјална работа, МВР, Здравствени установи | стручни лица од ЦСР, од МВР<br>стручна служба<br>тим | писмени пријави | помош од стручни лица | по потреба<br>во текот на учебната година |
| Наградување на учениците со најдобро однесување | Пофалби и награди за најдобро однесување | директор<br>стручни соработници | пофалници<br>награди | мотивирање на учениците за добро однесување | V |
| Изрекување на педагошки мерки | Педагошки мерки | одделенски раководители<br>Наставнички совет<br>директор | Закон за ОО<br>Правилник<br>обрасци за педагошки мерки | подобрување на однесувањето | по потреба<br>во текот на учебната година |

Училишен тим:

Марина Бошевска -психолог

Царева Стојановска –одделенски наставник

Ивана Деловска –предметен наставник

Драган Димов- предметен наставник

Никола Јовески -директор

## 16. Оценување

### 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Училиштето има изготвено *Училишна политика за оценување.*

- Во училиштето постои оценување на постигнувањата на учениците, кое се одвива континуирано во текот на целата учебна година со анализа на состојбите во три класификациони периоди,

- Постигањата на учениците во училиштето се оценуваат описно и бројчано. Во првиот период ( I - III одд. ) се оценува описно, во вториот период ( IV – VI одд.) постигањата по задолжителните и изборните предмети се оценуваат описно и бројчано, по класификационите периоди – тромесечја описно, на крајот на првото полугодие - описно и крајот на учебната година оценувањето е бројчано. Учениците од третиот период ( VII – IX одд. ) се оценуваат бројчано со оценки.

- По предметите за писмено оценување наставниците прават план имајќи ги предвид законските ограничувања ( дневно најмногу по едно, а седмично по две писмени работи ).

- Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Критериумите за оценување на постигањата на учениците се темелат на стандардите за оценување и Блумовата таксономија.
Оценувањето како дел од наставата:

***Дијагностичко оценување***: оценување на почетокот на наставата -за да се утврдат предзнаењата на учениците -за да се планира наставата - за да се утврдат интересите, мотивацијата на учениците

***Формативно оценување***:оценување во текот на наставата - за да се следи како ученикот учи и напредува во учењето - за да се информираат родителите за напредокот - за да се поттикнува ученикот подобро да учи - за да се приспособи поучувањето на учениците

***Сумативно оценување:***оценување по завршување на наставата - за да се утврди што ученикот научил - за да се информираат сите заинтересирани за постигањата на ученикот - за да се процени ефикасноста на наставата

Планирањето на оценувањето е интегрален дел од процесот на планирање на наставата. Во тој поглед, наставникот треба на соодветен начин да го вградува оценувањето во сите видови планирања. Исто така, тој треба да ги поврзува целите на оценувањето со целите од наставната програма. Меѓу другото тој треба тимски да планира активности за оценување ( на ниво на стручен актив и сл).

Следењето на постигањата на учениците се врши по пат на соодветни инструменти за оценување ( аналитички листи, чек листи, листи на проверка, скали на проценка, тестови, наставни ливчиња, контролни задачи, протокол за набљудување, интервјуа, анегдотски белешки, писмени коментари, листи за бодирање и др.)

Критериумите за формирање оценка за постигањата треба да бидат јасно дефинирани и да се базираат на целите на наставните програми (стандардите).

За формирање на оценка треба да се користат аналитички критериуми, дефинирани со описи на нивоата и квалитетот.

Критериумите за утврдување на сумативна оценка треба да им бидат однапред познати на учениците, а по можност да учествуваат во нивното утврдување. (Пр: колку поени вреди секој елемент на портфолиото, колку вреди содржината, колку композицијата, а колку правописот во писмен состав...)

Во секој класификационен период се одржуваат родителски средби на кои одделенскиот раководител ги известува родителите за постигнатите резултати на учениците. Освен информирањето за постигањата на крајот на пропишаните периоди ( тримесечија, полугодие, крај на година ) родителите добиваат редовни информации во усна или писмена форма (на индивидуални средби, писмени коментари, евидентни листи итн.).

Информирањето наменето за подобрување на успехот во учењето треба да содржи опис на добрите и лошите страни на учењето и постигањата на ученикот и да дава насоки како да се искористат потенцијалите при понатамошното оценување

## 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Училиштето планира активности за следење и подобрување на квалитетот на оценувањето (пр:тековни активности: успех, методи што се користат, периодични анализи, извештаи и сл.).

Училиштето планира обезбедување на материјално-технички услови за спроведување на оценувањето (хартија за печатење на инструментите, можност за копирање и сл.).

Исто така, се планира и професионален развој и стручна поддршка на наставниот кадар за проблематиката за оценување.

Формиран е тим за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди. Тимот кој има изготвено Програма за унапредување на оценувањето е во следниот состав:

1. Марина Бошевска - психолог 2. Горан Николовски 3. Катерина Бојаџиева 4. Весна Пупучовска

### 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Следењето и вреднувањео на квалитетот на работата на наставниот кадар се врши од страна на директорот и педагогот со помош на инструменти за следење на наставен час, согласно Годишната програма за работа на директорот и Програмата за работа на педагогот, во која е зацртана временската рамка за посета на наставните часови и вонаставните активности.

### 16.4. Самоевалуација на училиштето

Со Самоевалуацијата, изготвена 2023 г. ги идентификувавме сите клучни јаки страни и слабости на училиштето, од кои произлегоа приоритетните потреби за неговиот континуиран развој.

Нашите идни активности (приоритетни подрачја), кои воедно ќе бидат и предлог –мерки за подобрување на квалитетот на наставата, а ќе бидат вклучени и во Програмата за развој на училиштето, се следните:

- Подобрување на материјално-техничките услови за работа во училиштето
- Да се замени старата со нова инсталација во ПУ-а
- Уредување на спортските терени
- Санирање на дел од кровот во централното и дел од ПУ-а
- Санација на дограмата во дел од централното и дел од ПУ-а
- Санација на подот
- Збогатување на библиотечниот фонд
- Поголема примена на интегративниот приод кон содржините од повеќе наставни предмети
- Поголемо учество на учениците на ученички натпревари
- Обезбедување на средства за професионален развој на наставниците
- Обука на наставниците за работа со деца со посебни потреби
- Обезбедување стручна помош за работа со децата со посебни потреби
- Интерна обука на наставниците кои не посетувале семинари
- Подобрување на соработката со родителите
- Поголема вклученост на родителите во организацијата на воспитно-образовната работа на училиштето
- Поголема вклученост на родителите во процесот на инклузија
- Поголема информираност на родителите за активностите во училиштето
- Поголема вклученост на учениците и родителите во одлучувањето и нивна едукација
- Подобрување на комуникацијата на сите релации ( меѓу сите субјекти: ученици, наставници, родители...)
- Зголемување на соработката со локалната самоуправа
- Систем за мотивација и наградување на наставничкиот кадар

*Комисија за самоевалуација.*1 Марина Бошевска 2.Соња Антуновиќ 3. Весна Пупучовска 4. Даниела Цветковска и 5. Анета Масалковска

## 17. Безбедност во училиштето

Нашето училиште има изготвено план за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, во кој план се опфатени голем број на мерки за заштита и начини на справување од природни непогоди и други несреќи и има изработено целосна програма со скици на сите простории во

централното и подрачните училишта со што полесно ќе се спроведат мерките за заштита и спасување од непогодите и несреќите.

Во нашето училиште на неколку места се поставени знаци -стрелки кои ги покажуваат сите излези и влезови во училиштето и најбрзиот пат да се стигне до нив, со што на учениците им се дава појасна слика како најбрзо би можеле да го напуштат училиштето при некои вонредни и несакани незгоди, како земјотреси, пожари, поплави и други ситуации.

## 18. Грижа за здравјето

### 18.1. Хигиена во училиштето

Училиштето се грижи и за одржување на личната и општата хигиена во училниците, дворот и околината.

- Бришење на прашината на работните површини
- Бришење и миење на тврди подни површини
- Собирање на пајажина
- Бришење на прозорци
- Бришење на влезни и внатрешни врати
- Бришење и миење на стаклени површини
- Бришење на прашината на надворешен дел од мебелот
- Бришење и миење на санитарен простор
- Метење пред влезните врати
- Метење на скали

### 18.2. Систематски прегледи

**Возраст на вршење на систематски прегледи:**
Задолжителни систематски прегледи се вршат во I, III, V и VII одделение.
Содржина на систематскиот преглед:
**1.Општ лекарски преглед:**
- мерење на телесната тежина и висина; - преглед на кожата;
- согледување на постоење на деформитети на локомоторниот систем;
- општ лекарски преглед и преглед по системи (кардиоваскуларен, респираторен, дигестивен, нервен, урогенитален систем);
- испитување на вид;
- давање препораки за понатамошни специјалистички прегледи доколку е потребно;
- прибирање на податоци од наставниците и психологот за успехот и однесувањето на ученикот и давање потребни совети;
- контрола на извршените вакцинации и ревакцинации и преземање мерки за комплетирање на вакциналниот статус

**2. Лабораториски преглед**
- хемоглобин во крв и
- албумен и билирубин во урина

**3. Стоматолошки преглед**
- контрола и евиденција на состојбата на забите (млечни, трајни заби, кариес, екстакција и пломба индекс);

- откривање на деформитети и неправилности во развојот на забите и вилиците

## 18.3. Вакцинирање

Вакцинирањето се врши во Здравствениот дом, а се опфатени учениците на возраст од:
6 години (I одделение) Мали сипаници, рубеола, заразни заушки (1 доза) - I ревакцинирање
7 години (II одделение ) Туберкулоза ( со тестирање ) ( 1 доза )
Детска парализа ( 1 доза ) ; дифтерија, тетанус ( 1 доза ) - I ревакцинирање; II ревакцинирање; III ревакцинирање12 години, 2 и 6 месеци после првата доза ( VI одделение ); Инфекции со хуман папилома вирус ( HPV) ( само за девојчиња ) ( 3 дози ) - вакцинирање
14 години ( завршна година на основно училиште ) Рубеола ( само девојчиња ) ( 1 II ревакционирање доза ); Детска парализа ( 1 доза ) Дифтерија, тетанус ( доза ); III ревакцинирање; IV ревакцинирање
Одговорни лица од училиштето се директорот ( кој договара за времето на реализација), педагогот и оделенскиот раководител Наведените активности ќе се реализираат според Програма за грижа за здравјето на учениците (Прилог)

## 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Разновидна храна | континуирано | наставници |
| 2 | Предавање за Здрава исхрана и превентива на забите | ноември | Центар за јавно здравје |
| 3. | Предавање на тема: Бруцелоза | декември | Центар за јавно здравје |
| 4. | Работилница: Здрава храна за детство без мана (ОЖВ) | мај | одделенски раководители |

# 19. Училишна клима

## 19.1. Дисциплина

Една од основните задачи во секоја воспитно-образовна институција е секако дисциплината на сите вклучени фактори. Така и нашето училиште изнаоѓа многубројни начини за подобрување на училишната дисциплина на учениците, наставниците и останатите вработени. Во текот на учебната година во училиштето сите субјекти во воспитно-образовниот процес и останатите вработени ќе тежнеат кон создавање училишна клима во која секој ученик и вработен ќе се чувствува сигурно, почитувано и пријатно. Исто така, во паралелките климата ќе биде работна, опуштена и поттикнувачка, а со однесувањето на наставникот учениците ќе се охрабруваат за позитивни и повисоки постигнувања.

На почетокот на учебната година одделенските раководители ќе ги запознаат учениците Куќниот ред на училиштето, како и со Кодексите на однесување, кои се поставени на видно место во училиштето. Наставниците се задолжени и за дисциплината на учениците за време на одморите. Ќе се изготви распоред на дежурни наставници, кој ќе се следи и спроведува. За следењето на дисциплината за време на одморите наставниците ќе поднесуваат дневна евиденција. Следењето на дисциплината за време на одморите се врши во ходниците, училниците, санитарните јазли и секако во училишниот двор.

Наставниците настојуваат да ја сведат недисциплината на најниско ниво со добра организација на наставните часови, со интересни активности и односи на взаемно почитување и разбирање. За учениците кои отстапуваат од правилата на однесување, ученици со асоцијално поведение кои го попречуваат нормалното одвивање на наставата, имаат неправилен однос кон училишниот имот, нередовно ја попречуваат наставата се превземаат одредени педагошки мерки: усна, писмена опомена, укор...Се одржуваат и работилници за разрешување на конфликти, како и предавања за насилно однесување. Исто така, за родителите на тие ученици се организира советување согласно ЗОО. Училиштето ја избегнува примената на казна (бидејќи нема секогаш позитивни ефекти) и се обидува да ги разреши проблемите преку средства за воспитна работа, метод на убедување, уверување, набљудување на однесувањето, советување и познавање на проблемот кај ученикот (откривање на причините за прекршокот).Крајна цел е интериоризација (внатрешно усвојување на моралните вредности).

## 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Сите вработени во училиштето се задолжени да допринесуваат за уредувањето на истото, со цел негова подобра функционалност и удобност. Наставниците допринесуваат за естетското и функционалното уредување на училиштето со своите изработки, проекти и презентации и секако со континуирано поттикнување на учениците за истото. Во училиштето се организираат разновидни настани чија реализација напоредно бара соодветно уредување. Амбиентот на училиштето е важен сегмент во прилагодувањето на учениците и нивно максимално ангажирање во воспитно-образовниот процес. Затоа на истото му се посветува доволно внимание. За таа цел, во текот на учебната година ќе се формираат комисии за избор за најдобро украсена училница. Освоените награди на учениците ќе им послужат за поттик секоја година да бидат се подобри во уредувањето на својата училница, а со тоа и во општиот изглед на училиштето.
Училиштето ќе назначи тим кој ќе ги планира, организира и следи активностите за естетско уредување.
Тим: 1. Даниела Цветковска 2. Никола Николов 3. Катерина Бојаџиева 4. Ирина Павлоска 5. Оливера Вељковиќ 6. Јулијана Павлоска

## 19.3. Етички кодекси

Тој ги содржи правата и обврските во однос на почитување на правилата и нормите на однесување во училиштето. дисциплината, редовноста, чување на инвентарот, пристојно однесување.

Кодекс на однесување за ученици
Кодекс на однесување за наставници
Кодекс на однесување за родители
Кодекс за ненасилно однесување
Етички кодекс на оценување

-Училиштето има Еко-кодекс со упатства и правила, чија основна функција е да овозможи создавање на подобра околина преку почитување на правилата кои се содржани во него.

## 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Училиштето никогаш не би можело да се издигне на ниво на вистински дом изграден на темелот на правилни вредности и принципи доколку не би имало соработка меѓу сите фактори вклучени во него. За таа цел во нашето училиште се организираат многубројни активности и за секоја од нив се одржуваат заеднички состаноци каде се предлагаат комисии за реализација на активноста и давање идеи и предлози за подобрување на комуницискaта соработка на сите структури во училиштето. Училиштето ќе организира заеднички:

- Прослави (8 март-Ден на жената, прослава на Нова година, Ден на Училиштето – 26 мај, 24 мај-Ден на словенските просветители Кирил и Методиј, забава за полуматуранти, Велигденски панаѓур, маскембал по повод 1 Април-Ден на шегата ...)
- Екскурзии (есенска и пролетна за сите ученици и вработени, наставни екскурзии за III, VI, IX одделение за кои се изготвува соодветна програма планирана во Годишната програма за работа на училиштето)
- Разни видови свечености.

Сите горенаведени активности служат за одбележување на културни, верски и државни празници, а нивната цел е подигнување на квалитетот на комуникацијата, меѓусебната доверба и соработка,толеранција и развивање на пријателски односи меѓу сите субјекти во училиштето.
Еден од начините за подобрување на односите е поставување на јасни норми и правила на однесување преку Етичките кодекси.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Потребите на наставниците за професионален развој и приоритетите кои произлегуваат од детектираните состојби од Самоевалуацијата, се истакнати во процедурата за идентификација на потребите на наставниците за професионално усовршување.

1. Директорот формира Училишен тим за професионален развој од страна на наставниците и стручните соработници
2. Училишниот тим изготвува Програма за професионален развој
3. Се врши идентификација на наставници – почетници
4. Укажување помош на наставници –почетници преку менторска работа и педагошко-инструктивна дејност на директорот и стручната служба
5. Идентификување на потребите на наставниците за професионално усовршување преку следење на часови од страна на директорот и стручната служба
6. Идентификување на потребите на наставниците по пат на анкета за испитување на нивните желби и интереси за стручно усовршување
7. Организирање интерни семинари
8. Избор на наставници за учество на семинари надвор од училиштето, во организација на БРО, МОН, УСАИД...
9. Стручно усовршување преку работата на стручните активи
10. Запознавање со критериуми за сертификација (по одредени програми и проекти)
11. Педагошко-инструктивна работа со наставници за добивање сертификат
12. Пријавување на наставници за сертифицирање
13. Информирање за актуелни наслови од педагошката теорија и практика.

### 20.2. Активности за професионален развој

Училиштето ќе води грижа и за стручно усовршување на наставниот кадар кое ќе се одвива на две нивоа:

1. Во рамките на училиштето преку работата на стручните органи и тела, преку менторска работа, интерни семинари, работилници, педагошко-инструктивна дејност на директорот и педагошката служба и информирање за актуелни наслови од педагошката теорија и практика и

2. Надвор од училиштето преку семинари, работилници во организација на Бирото за развој на образованието, УСАИД, УНИЦЕФ, МЦГО и др.

Училиштето ќе организира најразлични работилници, обуки и семинари кои ќе понудат активности со цел стручно усовршување на наставниците и стручната служба.

Притоа се изготвуваат и акциони планови, се спроведува дисеминација од претходно проследени семинари или проекти, се поднесуваат извештаи, а исто така се врши и евалуација од којашто подоцна произлегуваат потребите и приоритетите за понатамошни активности за стручно усовршување и професионален развој. Тука значаеан дел земаат советувањата и стручните подготовки од страна на Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука како и други стручни институции од областа на воспитно-образовниот процес.

### 20.3. Личен професионален развој

Поединечното усовршување на образовниот кадар во училиштето подразбира следење на наставниците како и нивно вреднување преку посебно изготвени критериуми и инструменти. Во личен професионален развој вклучено е и мотивирањето на наставниците во насока на учество на обуки и семинари, добивање сертификати и слично. Меѓу другото, тука се вбројува и посетата на конференции, средби од регионален или државен карактер, како и свои пишани и објавени текстови и статии во стручна литература.

### 20.4. Хоризонтално учење

Посетата на наставниците на разни семинари за нивен професионален развој значи и споделување на искуствата и знаењата стекнати на тие семинари. Професионалното стекнато искуство се разменува и споделува со останатите наставици и стручната служба. Сето тоа училиштето го прави преку дисеминација, работилници или отворени часови. Во тој поглед училиштето ќе подготви акциски планови во кои ќе се објаснети активностите и нивните носители, времето на реализација, начинот на следење како и очекуваните резултати и исходи.

### 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Со Училишната програма за професионален развој е разработен план за поддршка на воспитно-образовниот кадар за неговото кариерно напредување.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Соработката со семејствата, односно родителите е една од приоритетните цели и задачи на нашето училиште, која ќе се одвива транспарентно во текот на целата учебна година.

Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во животот и работата на училиштето, преку разговори на индивидуалните средби и родителски состаноци, советодавно-консултативни разговори со педагогот и директорот, Советот на родители и Училишниот одбор.

Активностите на Советот на родители ќе бидат насочени кон: вклученост на родителите во целокупната работа на училиштето со постојано информирање за наставниот процес; донесување на решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето;помош во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства, учество во професионалната ориентација на учениците; вклученост на родителите во воннаставните активности, натпревари, екскурзиии, приредби, манифестации и сл.

За сите овие активности нашето училиште подготви посебна програма за вклученост и соработка со семејствата и родителите и Програма за работа на Советот на родители.

**Програма за работа на**

**Советот на родители**

| **Цел** | **Содржина** | **Реализатор** | **Време** | **Ефект** |
|---|---|---|---|---|
| Запознавање со Годишната програма на училиштето | Средби<br>Разговори<br>работилници | родители<br>наставници<br>стручна служба | септември | Презентирање на работата на училиштето |
| Промовирање во локалната заедница за соработка | Средби<br>Разговори<br>работилници | родители<br>наставници<br>стручна служба | октомври | Презентирање на работата на училиштето |
| Акции за подобрување на условите во кои работи училиштето | Уредување<br>Манифестации<br>Еколошки акции | родители<br>наставници<br>стручна служба | декмври<br>март<br>април | Набавка на приоритетни материјали за училиштето<br>Развивање на еколошка свест |
| Формирање на комисии и тела | Учество во избор на понудувачи за: осигурување<br>сликање,<br>екскурзии и полуматура | родители | континуирано | Учество во училишни активности и подобрување на ученичкиот стандард |
| Подобра соработка училиште - родители | Средби<br>Разговори<br>работилници | родители<br>наставници<br>стручнаслужба | континуирано | Квалитетни комуникации на релација<br>У-Н-Р |
| Информирање за работата на училиштето | Извештај пред УО и локалната заедница | директор | септември,<br>ноември<br>јануари<br>јуни | Целосна информираност на родителите и локалната заедница |
| Информирање | Стручни списанија | директор | | Јавност во |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| на пошироката јавност за работата на училиштето | весници медиуми | наставници<br>стручна служба<br>родители | континуирано | работата<br>Промоција на постигањата |
| Учество во проекти кои се реализираат во училиштето | ПМИО и др. | директор<br>наставници<br>стручнаслужба<br>родители<br>ученици | континуирано | Учество во креирање на ликот на училиштето |

Претседател : Весна Масалковска

## 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Програма за соработка со родители

| ***Содржини и активности*** | Време на реализација |
|---|---|
| Присуство на родителите со нивните првачиња<br>Родителски средби на ниво на паралелки<br>-снабденост со учебници и помагала<br>-исхрана<br>-запознавање со организацијата на работа на училиштето<br>-формирање на родителски совети | септември |
| Прием на првачињата во Детската организација<br>-приредба пред учениците и родителите<br>-свечен прием<br>Прибирање на податоци и ницијатива за вклучување на родителите во остварувањето на дејноста на училиштето | октомври |
| Определување на Отворен ден на училиштето<br>Родителски средби на ниво на паралелки<br>-презентирање на резултатите од првото тримесечие<br>Предавање на тема:Комуникација меѓу родителот и детето | ноември |
| Средба со родителите вклучени во разни активности | декември |

| | |
|---|---|
| Работилница:Превенција на насилното однесување | |
| Презентирање на Полугодишниот извештај | јануари |
| Средба со родителите чии деца покажуваат слаб успех во учењето<br>Предавање на тема: Стилови на родителство и нивни ефекти | февруари |
| Родителски средби на ниво на паралелки<br>-успех,поведение и редовност<br>информација за ученичките натпревари | април |
| Заедничка средба со родителите на учениците од IX одделение<br>-мрежа на средни училишта<br>разгледување на конкурсите за запишување | мај |
| Родителски средби на ниво на паралелки<br>-извештај за успехот и постигнатите резултати | јуни |
| Индивидуални средби со родителите | континуирано |

Родителите се вклучуваат во сите структурни подрачја:настава (преку присуство на наставни часови и активности, решавање проблеми во врска со оценувањето, непосетување на наставата од страна на учениците, оптовареност со домашните задачи, разгледување портфолија...), во воннаставните активности (соодветно на својата професија и афинитети преку директно учество и помош во реализацијата на слободните ученички активности), планирање и организирање општествено-корисна работа, екскурзии, хумани акции, приредби и манифестации во училиштето и локалната средина, МИО-активности (пример:збогатување на етнолошкото катче со разновидни предмети од етнографско потекло), заеднички активности со учениците и наставниците за подобрување на грижата за здравјето, хигиената и условите за работа во училиштето.

Родителите се вклучени и во донесувањето одлуки и давање свои идеи, предлози преку Советот на родители, Училишниот одбор.

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

Нашето училиште планира да организира едукативни работилници за родители, типизирани предавања на одредени теми преку соопштенија, флаери, плакати, брошури, советодавно-консултативни разговори и советувања – индивидуални и групни за подобрување на успехот и однесувањето на учениците, комуникацијата, посета на домот и семејството на ученикот и др.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

- ***Локална заедница*** (локална самоуправа, бизнис заедница, месно население..)

Нашето училиште ќе настојува јавно и транспарентно да ја презентира на пошироката јавност целокупната работа на нашето училиште, сите залагања на учениците, наставниците и стручните соработници.
Нашето училиште е во тесна соработка со општината при реализација на еколошката програма на локално ниво како и при реализација на разни собири и здружувања по одредени случувања во училиштето.
Соработката на нашето училиште со локалната средина ќе има за цел нашето училиште што повеќе да се доближи до локалната средина, односно во средината во која е лоцирано, заради информирање на средината за постигнатите резултати, присутните состојби и проблеми во училиштето, како и други видови на соработка, почнувајќи од родителите како најзаинтересирани субјекти за работа на училиштето, преку други воспитно-образовни установи и институции од областа на културата, стопанството, НВО и други огранизации.

Оваа соработка со локалната средина ќе се остварува преку разновидни општествени, културни и образовни активности заедно со месното население. Преку нив ќе се презентираат постигнатите резултати од работата на слободните ученички активности, а со тоа ќе се афирмира и училиштето како културен и образовен центар.
Овие активности ќе се реализираат преку: општи родителски состаноци, индивидуални и групни средби со родителите, Отворен ден за родителите, соработка со семејствата на учениците, посета на домовите на учениците, разновидни собири, приредби, изложби, работни акции, собирни акции и други активности.
Училиштето ќе организира заеднички активности со локалното население по повод Денот на училиштето, панаѓури и манифестации. Исто така ќе организира и прибирање на разновидни предмети од етнографско потекло на локалната средина (народни носии, предмети од домаќинството, украсни предмети и сл.).
Целта на ова подрачје е да се анимира и да се стави во педагошка функција се што може да се понуди во локалната средина за поуспешно остварување на програмските задачи во училиштето, како и на подигнување на културно-образовното ниво на месното население.
Училиштето ќе ја збогати својата работа преку соработка со Центарот за култура, Црвен крст, Здравствен дом, МВР, Совет за безбедност во сообраќајот, НВО, Народна техника, Центар за социјална работа, Детско одморалиште, при што ќе се реализираат
повеќе активности, како на пример: посета на театарски и кино-претстави, музички приредби, учество на литературни и ликовниконкурски, посета на изложби, историски локалитети и објекти, хуманитарна помош, посета на предавања од областа на здравјето и здравствената заштита, предавања од областа на сообраќајното воспитување, учество на прослави, јубилеи, патронати и други
активности.

- ***Институции од областа на културата***

Училиштето соработува со разни културни установи: Центар на култура, кино, театар, Универзитетска библиотека, Завод музеј-галерија, локалните медиуми и др. Задолжително се планираат и ќе се следат објавени конкурси и натпревари на кои се учествува и тоа: литературни и ликовни конкурси, изложби, посета на културно-историски споменици и сл.

- ***Институции од областа на образованието***

Училиштето соработува со следните воспитно-образовни установи и институции: БРО, МОН, ДПИ, Универзитетска библиотека, Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух и говор, ЕЛС-Сектор за основно образование, Сектор за основно образование како дел од општината, со други основни и средни училишта и др.
Училиштето соработува со другите училишта преку взаемна посета на приредби по повод Денот на училиштето и други празници и прослави, Отворен ден на училиштето, учество на семинари

по заеднички проекти, меѓусебни консултации и размена на идеи и искуства во врска со реализацијата на проектите, заеднички состаноци по одредени прашања и проблеми, преку секцијата на педагози итн.

- ***Невладини организации***

Училиштето ќе соработува со Еколошко друштво, Младински културен центар и др..

- ***Спортски друштва***

Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб- Здружение- Училишен спортски клуб,, Александар Турунџев,, с. Кукуречани, со решение од Централен регистар број 30420018000 од 19.09.2018 г.

- ***Здравствени организации***

Училиштето соработува со повеќе здравствени установи: училишна амбуланта, ЈЗУ Здравствен дом, Завод за ментално здравје, Завод за деца со оштетен слух и говор, Центар за јавно здравје и др.

Како и досега и во наредниот период нашето училиште ќе продолжи да соработува со ЈЗУ Здравствен дом, преку разни здравствени активности, систематски прегледи и вакцинациии на учениците. Исто така ќе се одржуваат и разни предавања за заштита од разни болести од страна на Центарот за јавно здравје.

Доколку се јават пречки, училиштето ќе превземи соодветни мерки: упатување на учениците со посебни потреби во сооветни институции: Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух и говор, Завод за ментално здравје и др.

- ***Медиуми***

Училиштето ќе соработува со портали на социјалните мрежи, ТВ Тера, Битолски весник , Нова Македонија, за промоција на своите постигања и активностите од еколошката програма.

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Следење на реализацијата на Годишната програма во сите нејзини компоненти и планирани активности | континуирано<br>IX-VI | -стручни активи<br>-стручни соработници<br>-стручни органи и тела<br>-ученичка заедница<br>-Совет на родители<br>-Училишен одбор | сите субјекти (наставници, ученици, родители) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Следење на примената на нови методи, форми и техники, наставни средстваи помагала и инструменти за оценување | -увиди во наставничкото портфолио<br>-следење на наставни часови<br>-планирања<br>-постигања на учениците<br>IX-VI | - директор<br>- педагог<br>- стручни активи | -наставници<br>-стручни активи |
| Следење на воннаставните активности | -резултати од учество на натпревари<br>- состаноци со Ученичкиот парламент<br>- евидентни листи за натпревари<br>X-V | -наставници<br>-директор<br>-педагог<br>-училишни тимови<br>-комисии<br>-одделенски раководители | сите субјекти |
| Следење на реализацијата на училишните проекти | - следење на часови<br>- акциони планови<br>- Извештаи од реализацијата на проектите<br>IX-VI | -директор<br>-педагог<br>-училишни тимови | сите субјекти |
| Следење на водењето на педагошката евиденција и документација | -Увид во дневници на паралелките<br>- Главни книги<br>-е-дневник<br>-евидентни листи<br>IX-VI | -директор<br>-педагог<br>-училишни комисии | наставници |
| Следење на културните и образовните активности на училиштето во локалната средина | -документација за реализирани активности: фотографии, снимки<br>-паноа, ученички трудови<br>IX, X, XII, III, V | -комисии<br>-директор<br>-педагог | сите субјекти |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Следење на професионалниот развој на наставниот кадар | -лични планови за професионален развој<br>-евидентни листи за посетени обуки<br>-анкети<br>IX-VIII | Училишен тим за професионален развој | наставници |

## 26. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на активностите предвидени со Годишната програма ќе се реализира преку собирање податоци односно докази преку прашалници, интервјуа, записници, набљудување, документи, извештаи, протоколи за следење, увиди во педагошка евиденција и документација и други инструменти.

## 29. Заклучок

Планирањето и програмирањето на работата на основното училиште е неопходен услов за понатамошна реализација на задачите што произлегуваат од Законот за основно образование, Наставниот плани програма и други акти.
Со аналитички приод од добиените заклучоци на стручните органи и тела во училиштето како и следењето на промените во функционалното размислување, согледувањето и предлозите за подобрување на начинот на работа на воспитно-образовниот процес од страна на сите субјекти во училиштето се одредуваат главните насоки и приоритети во новата учебна година.

Приоритетните цели на кои се темели Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2024/2025 г. ќе ги имаат следните суштински определби:
- да се изградуваат норми на објективност во вреднувањето и оценувањето ставајќи акцент на формативното и сумативното оценување;
- почитување на етичкиот кодекс на однесување;
- континуирано следење на редовноста на учениците и превземање на мерки за подобрување на истата;
- создавање на оптимални услови за напредокот на талентираните ученици, како и следење на учениците со посебни потреби ;
- континуирано следење на сите проекти во училиштето;
- да се посвети поголемо внимание на дидактичко- методската подготовка за реализација на наставната програма;
- редовно следење на е-дневникот;
- реализација на нагледни часови на ниво на стручни активи;
- опремување на училиштето со неопходни наставни средства
- поголема соработка на училиштето со родителите и одржување на советување на родителите.

Годишната програма за работа на ООУ:„ Александар Турунџев“ с. Кукуречани е замислена како отворен концепциски документ во кој може да се внесуваат нови содржини, а роковите за реализација да се поместуваат од оправдани причини.

## 27. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

1.Никола Јовески –директор 2.Марина Бошевска- психолог 3.Соња Антуновиќ-предметен наставник 4. Татјана Марковска-одделенски наставник и 5. Јована Павловска - член на Ученички парламент

## Користена литература


1. Константин Н. Петковски, Водење на динамично училиште, Скопје, Биро за развој на образованието
2. Прирачник за Развојно планирање на училиштето
3 Индикатори за квалитетот на работата на училиштата, Скопје 2011г., МОН, ДПИ
4. Настава и учење на 21-от век, Проект за основно образование, Скопје 2009 година
5.Оценување нанапредокот и постигањата на учениците, МЦГО, 2008 година
6.Примена на стандардите за оценување на учениците, МЦГО, 1999 година
7. Описно оценување, Педагошки завод на Македонија Скопје, јуни 2000
8. Концепција за воннаставни активности во основното образование,БРО, Скопје 2020 година
9.Прирачник за следење и планирање на професионалниот развој на наставниците и стручните соработници во основното образование, МЦГО, Скопје, 2016 година
10.Поддршка на учениците со тешкотии во учењето, БРО, Скопје, 2017 година


Датум: 08 .08.2025г. Потпис на директорот:

---------------------------

Место: м.п. /Никола Јовески/

с. Кукуречани

Потпис на претседател на УО:

---------------------------

/ Николче Масалковски/